**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk**

Врз основа на член 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 35/08, 1650/10, 83/18 и 198/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.96/19)вв член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (“Службен весник на РСМ“ бр.102/19) Судскиот совет на Република Северна Македонија објавува

# О Г Л А С

## за избор на претседател на Управен суд

Сите кандидати освен условите предвидени во членот 45 од Законот за судовите, за претседател на суд треба да исполнуваат и посебни услови :

- да имаат најмалку шест години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степен; и

-од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија да се оценети со позитивна оцена .

Кон пријавата приложуваат и програма за работа во текот на мандатот со акциски план за спроведување на програмата.

Заинтересираните кандидати потпишана пријава заедно со потребната документација во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија на ул. Македонија бр.5 Скопје во рок од 15 дена од објавувањето во “Службен весник на РСМ“ и тоа :

-Потврда за непрекинат судиски стаж;

-Последна оцена од Судскиот совет на Република Северна Македонија; и

-Програма за работа во текот на мандатот со Акциски план за спроведување на програмата.

Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на веб страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/su/izvestai/ostanati-dokumenti/

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Бр.09- 2326/2
19.11.2025 година
Скопје

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р Александар Камбовски**